Архивски број: 08-454/8
Датум:
16-12-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 454/1 од 23.05.2025 година, поднесена од ------- против ------- и -------, вработен во училиштето, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, врз основа национална и етничка припадност, припадност на маргинализирана група, религија и верско уверување, политичко уверување и лично својство и општествен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ИНТЕРСЕКЦИСКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** во областа на работата и работните односи врз основа на национална, етничка припадност, род и лично својство од страна на ------- врз -------.

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи врз основа национална и етничка припадност, припадност на маргинализирана група, религија и верско уверување, политичко уверување и лично својство и општествен статус од страна ------- кон -------.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 23.05.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од подносителката ------- против нејзиниот работодавач ------- и нејзиниот колега -------.

Во претставката подносителката наведува дека е вработена како хигиеничарка во ------- и дека -------, кој е нејзин колега и претпоставен, месеци наназад без причина ја навредува, омаловажува, пцуе и ѝ се заканувал дека ќе ја избрка од работа. Подносителката вели дека за ова тој е пријавуван кај директорката на училиштето и кај други надлежни органи, но дека никој ништо не презема за решавање на нејзиниот проблем. Дополнително, наведува дека во последно време претпоставениот ја спречувал да ги извршува работните задачи така што не ѝ обезбедувал клучеви од просториите кои таа требала да ги чисти и користи како дел од работата.

Како докази за тврдењата, во прилог на претставката подносителката доставува барање, кое е упатено до училиштето во кое бара да ѝ се дадат клучевите за одржување на просториите за кои е задолжена и да ѝ се објасни зошто не може да ја користи просторијата за пауза. Воедно, доставува и копија од записник за пријавена поплака во ПС ОИ ------- бр. ------- од ------- во која го пријавува истиот настан кој го пријавува и во цитираната претставка пред Комисијата. Подносителката доставува и копии од поднесени изјави до училиштето на 04.03.2025, во која наведува дека нејзиниот надреден ја задолжил да исчисти на место на кое веќе исчистила, како и изјави од 12.03.2025 и 08.04.2025 во кои го информира училиштето дека нејзиниот претпоставен ѝ вика, ѝ се обраќа со погрдни зборови и ја навредува.

Во насока на целосно и точно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.06.2025 до подносителката достави Барање за доуредување на претставката, во насока на прецизирање на дискриминаторската основа, врз основа на која смета дека доживува дискриминација.

На 16.06.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување на претставката од страна на подносителката, во кој наведува дека таа е жена, која е родена, израсната и образувана во Република Албанија, а мажена е во -------, каде оформила семејство и е вработена во пријавеното училиште. Вели дека претставката ја поднесува заради повеќемесечна тортура, навреди и омаловажувања од страна на нејзиниот претпоставен, кој е пријавуван повеќе пати кај директорката на училиштето за недолично однесување. Претпоставениот во повеќе наврати кон неа користел термини како “нусе”, “лична”, “уба”. Таа, вели дека како хигиеничарка е добро запознаена со нејзините работни задачи согласно систематизацијата и со деловите од училиштето кои треба да ги чисти согласно задолженијата од управата. И покрај заложбите за максимално професионално вршење на работата, подносителката наведува дека претпоставениот без било какви причини постојано ја навредува, омаловажува, пцуе и ѝ се заканува дека ќе ја избрка од работа. Последно, ја спречувал да ги врши своите работни задачи со необезбедување на клучевите од просториите кои требала да ги чисти. Сето ова, според подносителката, наведува на фактот дека нејзиниот претпоставен сака по секоја цена таа да добие отказ, а директорката нема слух за нејзините поплаки.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.06.2025 година испрати Барање за произнесување по претставката до ------- и -------.

На 26.06.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од работодавачот. Во поднесокот се наведува дека постоел конфликт помеѓу подносителката и нејзиниот претпоставен, а подносителката се обратила до директорката за да пријави вознемирување на работното место. Директорката, согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место формирала комисија за помирување, која одржила состанок на 05.03.2025 година и по кој на ------- му било одземено овластувањето како координатор на помошно техничкиот персонал и на таа позиција бил назначен секретарот на училиштето. Ова се случило пред настаните пријавени во претставката на подносителката и таа од овој момент натаму немала никаков контакт со поранешниот претпоставен. Натаму, во поднесокот се наведува дека подносителката во времето на претходната директорка на училиштето уживала големи привилегии и се однесувала како заменик директорка. Сега, согласно наводите од поднесокот, имала поголеми обврски и со тоа не можела да се помири. Во поднесокот се наведува дека подносителката не ги извршува работните задачи и вработените не се задоволни од одржувањето на хигиената, а за тоа може да посведочат сите вработени. Воедно, во поднесокот за произнесување се наведува дека сопругот на подносителката поднел претставка до Државниот просветен инспекторат, во која меѓу другото било наведено дека подносителката била и физички напаѓана. За време на извршениот вонреден инспекциски надзор од Државниот просветен инспекторат подносителката била прашана дали е вистина дека била нападната, на што таа одговорила дека не е точно. Во прилог на поднесокот за произнесување, како доказ доставен е Записник за извршен инспекциски надзор ------- од ------- од страна на ДПИ, во кој инспекторатот не констатира неправилности при извршениот инспекциски надзор.

------- не достави поднесок за произнесување во рамките на законски предвидениот рок.

Имајќи ги предвид наводите и доказите од претставката, дополнувањето на претставката и одговорот од училиштето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај постои интерсекциско вознемирување во областа на работата и работните односи врз основа


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

национална, етничка припадност, род и лично својство од страна на ------- врз ------.

Во наводите од претставката, подносителката го прави тврдењето за дискриминација веројатно, поврзувајќи ги наводите за континуирани вознемирувачки изјави на нејзиниот претпоставен со нејзината национална и етничка припадност, нераскинливо поврзани со нејзиното лично својство – етничка жена Албанка која се преселила од Албанија во Македонија, каде живее и оформила семејство. Сите овие карактеристики заедно прават интерсекција, која била основа за вознемирување од страна на нејзиниот претпоставен. Одлуката на училиштето да започне постапка за помирување на подносителката со нејзиниот претпоставен, како и одлуката за одземање на овластувањето координатор на помошно техничкиот персонал на ------, непосредно по пријавувањето од страна на подносителката до училиштето, јасно говори дека и училиштето увидело дека во конкретниот случај станува збор за вознемирување.

**Согласно чл. 10, став 1** од Законот за спречување и заштита од дискриминација *вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Од друга страна, со преземените цитирани дејствија, училиштето презело сè што е во негова надлежност да го спречи вознемирувањето врз подносителката, но и да го превенира истото во иднина, па оттука Комисијата не утврди дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа национална и етничка припадност, припадност на маргинализирана група, религија и верско уверување, политичко уверување и лично својство и општествен статус од страна ------- кон подносителката.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ------- да ѝ се извини на ------- за стореното вознемирување врз основа на национална и етничка припадност и лично својство, во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ------- во иднина да се воздржува од изјави, постапки и дејствија со кои врши дискриминација или вознемирување врз било која дискриминаторска основа.

**Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -------
- -------
- -------


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk